# АЛАРМ 8

## СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ РАЗНИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЏЕБОВИ ПРАЗНИ

Износот на **субвенции и трансфери** во предлог-буџетот **за 2014 година** изнесува **207,25 милиони евра** што **споредено со 2006** година **(45,03 милиони евра)** претставува **пораст од 460%.**

Структурата на субвенциите и трансферите покажува дека најголем процент **(92%)** отпаѓа на **разни трансфери** кои изнесуваат **192,5 милиони евра, што во споредба со 2006 претставува зголемување од 526%.** Од нив дури **113,22 милиони евра** се трансфери кои Владата планира да ги исплати кон **земјоделците** и тоа преку Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој **(109,8 милиони евра)**, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **(0,2 милиони евра)** и Агенцијата за храна и ветеринарство **(3,22 милиони евра)**. **Првиот проблем** е начинот на кој овие средства се прикажани во буџетот т.е. како разни трансфери. Имено, според важечката класификација на расходите **од ставката разни расходи** може да се плаќаат ученички и студентски стипендии, државни награди и одликувања, трансфери при пензионирање итн., но **не и субвенции за земјоделците**. **Вториот поголем проблем** е што Владата во текот на изминативе 7 години упорно одвојува голем дел од државниот буџет за земјоделски субвенции (во 2014 речиси 9 пати повеќе отколку во 2006), а од **европските грант пари** за поддршка на земјоделството кои изнесуваат 85,65 милиони евра (2007-2013) **има потрошено помалку од 5 милиони евра, а 7,3 милиони евра веќе се неповратно изгубени.**

Средствата кои во 2014 година Владата планира да ги потроши како трансфери за невладини организации изнесуваат **4,69 милиони евра**, што во споредба со износот за таа намена во **2006 година (7,33 милиони евра)** претставува **намалување од 150%. Ова е уште еден доказ за третманот на оваа власт кон невладините организации.**

Во 2014 година Владата ќе потроши **3,38 милиони евра за трошоци по извршни исправи,** меѓу кои и трошоци за **исплата по пресуди од Европскиот суд за човекови права во Стразбур.**

## Субвенции и трансфери 2006-2014







## Субвенции и трансфери по институции




| Институција | 2006 | 2014 |
|---|---|---|
| МЗШВ / Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој / Агенција за храна и ветеринарство | 12,66 | 113,22 |
| МОН | 10,27 | 18,74 |
| Министерство за култура и финансирање дејности од областа на културата | 9,00 | 18,84 |
| Министерство за финансии | 6,63 | 12,61 |
| МТСП | 0,42 | 11,06 |
| Министерство за транспорт и врски | 0 | 6,89 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ | 0 | 4,88 |
| Агенција за промоција и поддршка на туризмот | 0 | 2,52 |
| Влада на Република Македонија | 0 | 2,45 |
| Агенција за млади и спорт | 1,17 | 1,93 |
| Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | 0 | 1,71 |
| Министерство за правда | 0,08 | 1,5 |
| Министерство за локална самоуправа | 0 | 1,40 |
| Служба за општи и заеднички работи | 0,20 | 0,60 |

## Трансфери до НВО по институции




## Разни трансфери по институции

| Институција | 2006 | 2014 |
|---|---|---|
| МЗШВ / Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој / Агенција за храна и ветеринарство | 12,66 | 113,22 |
| Министерство за култура и финансирање дејности од областа на културата | 8,36 | 18,76 |
| МОН | 10,26 | 18,74 |
| МТСП | 0,38 | 9,80 |
| Министерство за финансии | 1,21 | 9,36 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ | 0 | 4,87 |
| Министерство за транспорт и врски | 0 | 3,47 |
| Влада на Република Македонија | 0 | 2,25 |
| Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | 0 | 1,71 |
| Министерство за локална самоуправа | 0 | 1,39 |

**СУМИТЕ ВО АЛАРМОТ СЕ ИЗРАЗЕНИ ВО МИЛИОНИ ЕВРА**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА